Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 24.09.2022

На 23.09.2022 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи во координација и заедничка акција со полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје и Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гевгелија, по добиена наредба од судија на претходна постапка од Основен суд Гевгелија, извршија претреси во гевгелиско, при што се лишени од слобода две лица. При претрес на дом и помошни простории во село Моин, гевгелиско, во кои живее Б.Ѓ.(46) од Гевгелија, во дворот се пронајдени насад со растението cannabis sativa, а во дневната соба се пронајдени четири пакувања со растителна материја - марихуана. Б.Ѓ. е лишен од слобода, приведен во Полициска станица Гевгелија, а за случајот е известен Јавен обвинител од ОЈО Гевгелија. По комплетирање на документацијата против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 215 од Кривичниот законик. Во периодот од 19.30 до 20.30 часот, пак, извршен е претрес на дом и помошни простории во истото село, во кои живее А.К.(29) од Гевгелија, при што се пронајдени 38 боеви куршуми калибар 7,9мм, осум боеви зрна и еден боев куршум непознат калибар. Лицето е лишено од слобода, известен е дежурен Јавен обвинител од ОЈО Гевгелија, а по комплетирање на документацијата од страна на СВР Струмица ќе биде поднесена кривична пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 23.09.2022 во 14.00 часот на ул.„Палмиро Тољати‟ во Скопје, полициски службеници од тим потраги во Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Ф.М.(31) од Скопје. Тој бил баран со централна потерница од Казнено-поправната установа Затвор Куманово за доиздржување на затворска казна од седум месеци, а бил осуден на казна од четири години и шест месеци за сторени кривични дела по член 236 и 386 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 23.09.2022 во 20.20 часот на ул.„Цветан Димов" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле Ј.А.(60) од тетовски Пирок за издржување затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 23.09.2022 во 18.30 часот во гостиварско Неготино, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 32-годишниот М.Б. од ова село. Тој се барал со судска наредба за издржување затворска казна. Претходно, М.Б. бил пријавен дека во семејниот дом физички ги нападнал неговите мајка и сопруга. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.
Денеска (24.09.2022) околу 02.30 часот од страна на полициски службеници од Полициска станица Гази Баба лишени се од слобода М.М.(24), Б.С.(22), К.К.М.(29), сите од скопско и 17-годишна малолетничка од Скопје. Тие се фатени при вршење на кривично дело „тешка кражба‟ од Железници - Трубарево. Од страна на инспектори од Одделението за криминалистички работи Гази Баба со ММ., Б.С. и К.К.М. е извршен службен разговор, при што го признале делото, а во консултација со Јавен обвинител за малолетници, малолетничката е предадена на родителот и ќе биде дополнително повикана на разговор. Одземените предмети ќе бидат вратени на сопственикот, а по документирање на случајот против сторителите ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 09.05 часот во градски автобус на бул.„Партизански одреди‟ во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар ги лишиле од слобода Р.А.(21) и малолетник, двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 22.09.2022 од зграда на подрачјето на Карпош одзеле електричен велосипед, кој притоа бил пронајден и вратен на сопственикот. Двајцата биле приведени во полициска станица и со нив бил извршен службен разговор, при што со малолетникот во присуство на родител. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2022 во 17.00 часот, полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево и Полициското одделение Осломеј ги лишиле од слобода Б.А.(48) и Ф.А(75), двајцата од с.Туин, кичевско. При претрес во нивниот дом во селото, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „М57‟ калибар 7,62мм со една рамка без муниција и една кутија со шест куршуми калибар 7,62мм. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2022 во 23.35 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.И.(24) од с.Идризово, скопско и М.П.(23) и И.А.(21), двајцата од с.Кучевиште, скопско, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 21.15 часот на ул.„Даме Гагалески‟ во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода А.Б.(18) и малолетник, двајцата од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 16.10 часот на ул.„Солунска‟ во Велес, полициски службеници од СВР Велес лишиле од слобода малолетник од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 22.30 часот на ул.„Ѓорѓи Пулевски‟ во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 при контрола на објект во изградба на ул.„Максут Сдаик‟ во Скопје, сопственост на Х.Ќ. од Скопје, полициски службеници од Одделението за прекугранични криминал Скопје ги затекнале Д.Ф.(57), Д.С.(51), Д.Б.(47) и К.И.(55), сите од Косово и по извршените проверки било констатирано дека нелегално работеле на објектот. Од судија од Основен суд Скопје 1 против нив ќе бидат изречени соодветни санкции по Законот за странци.

Во текот на вчерашниот ден (23.09.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 193 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 115 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 78 надвор од населено место.

На 23.09.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 171 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 22 санкции, 20 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, четири мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон, 13 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 10 мерки за непрописно престигнување и обиколување, четири санкции за возач почетник...

На 23.09.2022 околу 10.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат Куманово-с.Романовце, на влезот во селото, патничко возило „пежо", со кумановски регистарски ознаки, управувано од А.А.(29) од Куманово, излетало од патот. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 23.09.2022 во 19.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на крстосницата од ул.„Ресавска‟ и ул.„Васил Главинов‟ во Кавадарци се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од З.А.(51) од Кавадарци и патничко возило „рено", со велешки регистарски ознаки, управувано од О.Т.(55) од Кавадарци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот на возилото „рено‟ и неговата сопатничка С.И.(57) од Кавадарци, додека со телесни повреди се здобил возачот на возилото „опел‟, констатирани во Општа болница Кавадарци. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 23.09.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.М.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Пушкинова‟ била касната од куче скитник.

На 23.09.2022 во 15.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул.„Маршал Тито" во Тетово, патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Е.О.(27) од скопско Дворце, удрило во 26-годишниот пешак Х.Ф. од Тетово. Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. На местото на несреќата увид извршила екипа на СВР Тетово.

На 23.09.2022 во 12.50 часот во Полициската станица Битола, И.М. од Битола пријавил дека на ул„Борис Бастерот‟ неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 23.09.2022 во 10.30 часот во ОВР Прилеп, В.С.(88) од Прилеп пријавила дека на ул.„Иво Лола Рибар‟ во Прилеп била касната од куче скитник.

На 23.09.2022 во 14.00 часот на улицата „8 Септември‟ во Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар го лишиле од слобода Б.К.(60) од Дебар. Тој бил затекнат при нелегален транспорт на огревно дрво со товарно возило „фолксваген‟, со охридски регистарски ознаки. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на Шумска полиција, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2022 во периодот од 04.00 до 16.00 часот во водите на Охридското Езеро, од вливот на река Сатеска до с.Радожда, струшко, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор „Охридско Езеро‟ и претставници од Државниот инспекторат за земјоделство - Охрид презедоа зајакнати мерки и активности за откривање на случаи на незаконит риболов. Притоа биле пронајдени 15 висечки рибарски мрежи со вкупна должина од 6000 метри со вкупен улов од 774 парчиња риба охридска белвица, во вкупна тежина од 80,5 килограми. Уловот бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 21.30 часот на ул.„Ѓорги Какашевски‟ во Кратово, полициски службеници од Полициската станица Кратово го лишиле од слобода Д.П.(33) од Кратово, затоа што физички нападнал и со остар предмет се обидел да повреди полициски службеник кој извршувал службени дејствија. Притоа, полицискиот службеник испукал два предупредувачки куршуми во воздух. По преземени мерки било утврдено дека Д.П. претходно физички нападнал едно лице, а оштетил влезна врата и инвентар во еден маркет. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2022 во 15.45 часот на ул.„Нада Бутникошарева‟ во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Ф.Р.(45) од Велес, затоа што претходно на истата улица на двајца вработени во агенција за обезбедување им се заканувал со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Т.С.(59) и Т.В.(55), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење‟ и „узурпација на недвижности‟. Пријавените, како сопственици и инвеститори на градба од втора категорија – бетонско плато на терен пред деловен објект во приземје на ул.„Борис Кидрич‟ во Куманово, во текот на март 2022 година започнале градежни работи за адаптација на објект за друга дејност и изградиле помошна градба – бетонска платформа, без одобрение за градење, односно без решение за изведување на градба издадено од надлежен орган.

На 23.09.2022 во 16.30 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода турските државјани Е.Е.(44), М.Е.(18) и М.С.Г.(18), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 350 од Кривичниот законик. Тие биле затекнати во касарната Илинден, по што биле задржани во Полициската станица Карпош за понатамошна постапка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против И.С.(66), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест‟. На 29/30.07.2022, со намера да избегне хумано отстранување на свињите од неговото одгледувалиште во с.Цера, ги пренел во с.Мојанци и ги пуштил слободно да се движат на отворено, нудејќи ги за продажба, со што постапил спротивно точките 3.8 и 5.5 од Решението за контролни и заштитни мерки во однос на болеста африканска чума кај свињите.

На 23.09.2022 во 11.05 часот во СВР Скопје, 69-годишна жена од Скопје пријавила дека на 22.09.2022 била измамена од едно лице за сума од 7.260 евра. Според пријавеното, лицето и се јавило на домашниот телефон и се претставило дека е од полиција и дека нејзината ќерка направила сообраќајна несреќа во која починало дете, а доколку му даде пари ќе може да помогне да не оди во затвор. Како што е пријавено, тие се договориле, а откако му ги дала парите лицето заминало и не се јавило повеќе. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 23.50 часот во СВР Скопје, Р.М.(44) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот на ул.„Орце Николов‟, во близина на сендвичарница, четири малолетнички, по вербална расправија, физички ја нападнале неговата малолетна ќерка. Според пријавеното, причина било претходно недоразбирање околу нарушени другарски односи на училиште. Полициски службеници излегле на местото на настанот и се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 12.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟ со тешки телесни повреди бил донесен Т.К.(60) од с.Шишево, општина Сарај, Скопје. Според пријавеното, тој со повредите се здобил додека извршувал работни задачи на ул.„Лондонска‟ во Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 14.40 часот во СВР Скопје, С.З.(21) од Скопје пријавил дека околу 12.20 часот на бул.„Александар Македонски‟ во Скопје, поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 14.00 часот во СВР Битола, 42-годишен сопственик на правен субјект од Битола пријавил дека бил измамен од правно лице од Романија за сума од 4.560 евра. Според пријавеното, тој се договорил со правното лице за купување пелети и ги уплатил средствата, но откако се посомневал во фирмата ја откажал нарачката. Како што е пријавено, парите не му биле вратени за два дена како што му било ветено, а претставникот на фирмата веќе не бил достапен. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 околу 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски‟ во Скопје со повреда бил донесен С.У.(52) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредата додека извршувал работни задачи во фирма во Скопје. Бил известен трудов инспектор и се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 22.00 часот во СВР Тетово, Н.Р.(18) од с.Пршовце, тетовско, пријавил дека околу 19.10. часот на ул.„Маршал Тито‟ во Тетово бил физички нападнат од А.М. од Тетово и уште неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 24.09.2022 во 02.30 часот во СВР Скопје, Т.Н.(42) од Скопје пријавила дека околу 00.20 часот на бул.„Св.Климент Охридски‟ нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од осум лица, од кои двајца познавал од претходно. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2022 во 05.35 часот во Полициската станица Неготино, Г.С.(38) од Неготино пријавил дека околу 04.20 часот, пред угостителски објект во Неготино, бил физички нападнат од И.К. од Неготино. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски‟ во Скопје со повреда бил донесен Г.У.(28) од Република Турција, со престој во Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредата додека извршувал работни задачи на објект во изградба на ул.„Јордан Мијалков‟. Бил известен трудов инспектор и се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2012 во 21.30 часот во Полициското одделение Кривогаштани, К.Г. од с.Кривогаштани пријавила дека околу 20.20 часот во с.Кривогаштани нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од А.В. од с.Кривогаштани. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2002 во 22.40 часот во Македонска Каменица, полициски службеници од Полициското одделение Македонска Каменица го лишиле од слобода Б.М.(33) од Македонска Каменица, затоа што со метален предмет нападнал повеќе малолетници од Македонска Каменица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 21.33 часот во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека во викенд населба Нова Брезница настанал пожар во викенд куќа сопственост на А.П. од Скопје, од која била оштетена уште една викенд куќа. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Македонски Брод пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 23.09.2022 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во службени простории во објект на ул.„Гоце Делчев‟ бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.М.(43) и А.А.(52), кој извршувал работни задачи, двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 во 09.45 часот во СВР Струмица, С.К.(32) од с.Василево, струмичко, пријавил дека околу 08.30 часот на ул.,,Бетовенова‟ едно лице го нападнало со дрвен предмет и му одзело личен предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 13.30 часот во СВР Струмица, И.К.(53) од с.Василево, струмичко, пријавил дека околу 12.30 часот во атарот на с.Василево бил физички нападнат од П.Н. од с.Баница, струмичко. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.09.2022 во 10.50 часот во Полициската станица Центар, Б.О.(29) од Скопје пријавила дека на ул.„50 дивизија‟ во Скопје била касната од куче скитник.

На 23.09.2022 во 20.40 часот во СВР Струмица, Џ.И.(37) од Струмица пријавил дека на ул.„Бетовенова‟ бил физички нападнат од Н.А. и О.И.. Се работи на расчистување на случајот.
СВР Охрид поднесе кривична пријава против Х.Б.(23) и С.Б.(25), двајцата од охридското село Косел, поради постоење основи на сомнение дека првопријавениот сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟, а двајцата заедно сториле казненото дело „незаконито влијание врз сведоци‟. На 14.09.2022, при претрес извршен по судска наредба во домот на Х.Б., полициските службеници пронашле и одзеле кокаин. Тој, претходно, заедно со С.Б. во селото Велгошти со употреба на сила го внеле С.К.(25) во возило, по што го однеле во село Рамне, каде физички го нападнале. Судија на претходна постапка, на Х.Б. му одреди мерка притвор до 30 дена.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.П. (58) од кичевското село Миокази, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување‟. Тој, во текот на 2021 година, во својство на овластено лице-претседател на здружение за лов и спортско рекреативен риболов од Кичево, без одлука на Управен одбор, одобрил и овозможил од паричните средства на здружението да се исплатат 24.000 денари за обука и полагање за лиценца за обезбедување на вработен во здружението.

На 23.09.2022 во 20.45 часот во Полициската станица Радовиш, М.И.(45) од Радовиш пријавил дека на ул.„8 Септември" неговиот малолетен син бил каснат од куче домашен миленик. По документирање на случајот против сопственикот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2022 околу 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во финансиско друштво на ул.„Словенечка‟ едно лице со закана одзело пари од вработениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2022 околу 16.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Вељко Влаховиќ‟ во Штип, патничко возило „хонда‟, со штипски регистарски ознаки, управувано од П.Х.В.(26) од Штип, удрило во ограда од мостот на реката Брегалница. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобил сопатникот Д.К.(26) од Штип, констатирани во Клиничка болница Штип. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Штип.

На 23.09.2022 во 20.30 часот во СВР Велес, Д.М.(63) од Велес пријавил дека на ул.„А.Шурков‟ во Велес бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет